и0068

НОВА МАКЕДОНИЈА 22. VII. 1993. 16702, 7.



Росица Лазеска: Пресек, 1987, линорез

ПРВО ГРАФИЧКО ТРИЕНАЛЕ ВО БИТОЛА

# Големата награда – 1000 долари

**● На оваа манифестација, која во мај следната година ќе се одржи во Битола како продолжување на Триеналето на современа графика на Југославија, ќе се доделат и две премии од по 700 долари, златна плакета на градот-домаќин и повеќе откупни награди – беше соопштено на вчерашната конференција за новинарите**

Подготовките за Првото графичко триенале Битола 94 се наоѓаат при крај и оваа манифестација, која ќе претставува продолжување на Триеналето на современата графика во Југославија, се предвидува да се одржи во мај следната година во Битола. Нејзин финансиер ќе биде Министерството за култура. Востановени се сите организациони структури и оперативни сегменти на Првото графичко триенале Битола 94: организационен и почесен одбор, меѓународно жири, селекциона комисија, комисија за прием на делата, ликовнотехнички подготвувач на пропагандниот материјал, и др.. а до графичарите низ целиот свет веќе се испратени 1200 покани, по што се пријавиле и првите учесници и испратени се и првите графички листови.

Ова вчера на конференцијата за новинарите одржана во Клубот на новинарите во Скопје беше соопштено од страна на координаторот на манифестацијата, Првото меѓународно графичко триенале Битола 94, Љубен Пауноски. На вчерашната конференција, исто така, новинарите беа запознаени дека постои ново решение на графичките знаци на манифестацијата, дека е востановена големата награда на Триеналето во износ од 1.000 американски долари, две премии од по 700 долари, златна плакета на градот Битола и повеќе откупни награди. Според одлуката, на добитникот на Гран при, на наредната манифестација му се организира самостојна изложба.

На Првото графичко триенале Битола 94, понатаму, се предвидува да се одржат и неколку придружни изложби: на наградените автори од претходните седум одржани манифестации (Триенале на современата графика на Југославија), на поширок избор од македонска графика и сл. Во сегашниот момент од подготовките за новата манифестација, во Битола е во тек формирањето на документационен графички центар и графичко ателје кои заедно со другите делови на манифестацијата ќе овозможат периодот меѓу две одржувања да биде исполнет со активности во континуитет.

Рокот за одговорот на поединци и институции низ светот поканети за учество на Манифестацијата е 15 ноември, а графиките (според пропозициите најмногу до две) на битолската адреса треба да стигнат најдоцна до 15 декември оваа година.

Бидејќи организаторот смета на пораностекнатиот углед на Триеналето на современата графика во (бивша) Југославија која во минатите две децении се одржа седум пати во Битола и која во тој период беше една од ретките ликовни манифестации што ги надминуваше републичките рамки (за нејзиниот исклучително висок рејтинг во поранешните ју-простори може да говори податокот за учество на некогаш врвните југрафичари кои беа на врвот и на меѓународната графичка сцена – Буќан, Борчич, Валдег, Николов, Јемец, Атанасов, Глумац, Сташевиќ и др., а исто така и исклучително богатата и вредна колекција од околу 400 графички листови која благодарејќи на манифестацијата ја поседува Битола), и на новата манифестација Прво графичко триенале Битола 94 се очекува голем одзив на уметниците од светот, а со тоа и позитивен однос кон Македонија и нејзината култура, беше исто така речено на вчерашната конференција за новинарите.

Институцијата – организатор на Првото графичко триенале Битола 94 е Музејот – завод и Галерија од Битола која поседува комплетна стручна екипа со искуство од минатите манифестации и простор со квалитетни музејски услови за работа.

С. Ѓуровска